Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно електротехничко училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme elektroteknike e Qytetit të Shkupit
**МИХАЈЛО ПУПИН - MIHAJLO PUPIN**
Бр.Nr. 02-1083/5
22.08 2019 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# КОДЕКС НА УЧИЛИШТЕТО

СЕТУГС „МИХАЈЛО ПУПИН“ СКОПЈЕ

# КОДЕКС

Целта на овој кодекс е да се утврди дека училиштето има сигурност и е пријатно место за учење, дека имотот и угледот на училиштето се заштитени.

Училиштето има одговорност да осигура безбедност во работењето и висок квалитет на наставата.

**Мисија** – Да им се обезбеди на сите ученици можност за стекнување на знаење, созревање и подготовка да одговорат на предизвиците во иднина.

**Визија** – Промовира и овозможува учениците да добијат квалитетно образование, како и социјални, културни и животни вештини потребни за богат и продуктивен живот.

# *КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ*

*СОДРЖИНА*

1. ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА ....................2
2. НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВОТО ....................2
3. НАСТАВНИКОТ И СТРУКАТА ....................2
4. НАСТАВНИКОТ И ЧАСОТ ....................4
5. НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ ....................4
6. НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ ....................5
7. МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ ....................5
8. НАСТАВНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО ....................5
9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ....................6

## 1. ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Определувајќи се за професијата просветен работник, наставникот треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот се обврзува:

- својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- воспитанието и образованието на учениците да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- при вршење на своите должности да не дозволи да прави никакви разлики поради пол, националност, вера, раса, возраст и општествено - економска положба;
- на своите ученици и нивните родители да им го изразува должното почитување.

## 2. НАСТАВНИКОТ И ОПШТЕСТВОТО

Во современите демократски и плурални услови наставникот се раководи исклучиво од уставните и законските определби при што:

- мора да биде лојален граѓанин на Република Македонија, да го чува нејзиниот углед и авторитет;
- да придонесува за формирање на личноста на учениците во духот на заедничкиот и конструктивен живот независно од националната , верската и друга припадност;
- се придржува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвенцијата на ООН за правата на детето;
- има право и должност да се залага и бори за достоинството на професијата просветен работник.

## 3. НАСТАВНИКОТ И СТРУКАТА

Наставникот треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши и да има визија за неа;

- да има етичка и културна изразеност и педагошко чувство;
- постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата со коректност, сигурност, одговорност и прецизност, објективност и непристрасност, начелност и доследност во своето однесување;
- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- секогаш и секаде да внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- да внимава на својот морален лик;
- да има одговорен однос кон средствата и условите во кои или со кои ја реализира својата дејност;
- својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист, при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;
- постојано да работи на своето стручно и педагошко усовршување, преку користење стручна литература, посета и активно учество на семинари, размена на искуства со колеги и др;
- да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и сл;
- да има критички однос спрема ненаучните теории, идеи и идеологии како и спрема носителите на истите;
- да иницира и да се ангажира во развојни и други проучувања и проекти во училиштето и надвор од него;
- секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување, да гради култура и естетски навики кај своите ученици.



## 4. НАСТАВНИКОТ И ЧАСОТ

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- треба навреме да го почне часот;
- треба редовно да го евидентира часот, како и отсутните ученици и во книжниот и во електронскиот дневник;
- часот треба да биде максимално заштитен од разговори кои не се во склад со воспитно-образовниот процес и од посети кои би го оневозможувале планираниот тек на часот;
- треба добро да го планира секој наставен час за да овозможи позитивна, поттикнувачка и пријатна работна атмосфера и ангажирање на сите ученици за постигнување на целта на часот;
- часот треба да го изведува со современа наставна технологија, умешно вклучување и водење на учениците, квалитетно поучување и рационална организација на наставата, во склад со постоечките работни услови.

## 5. НАСТАВНИКОТ И УЧЕНИКОТ

Наставникот спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми при што:

- ја почитува личноста на секој ученик;
- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и непристрасен, одмерен и доследен без оглед на возраста, полот, верата, етничката припадност, расата и општествено - економската положба;
- со учениците да избегнува стил на комуницирање и недолично однесување за професијата што ја обавува;
- верува дека секој ученик може да научи и е должен на секој ученик тоа да му го овозможи;
- не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја поттикнува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот преку методи на активна настава;
- да ги познава стиловите на учење и оспособува учениците за самостојно учење;
- го учи ученикот како да ги самооценува спостевните постигања;
- го оценува знаењето на ученикот со изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на знаење, а не на незнаење и притоа редовно да го информира ученикот;
- бара од ученикот редовно, навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи;
- не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- со учениците не смее да пројавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација и сл;
- никогаш да не го казнува ученикот телесно, не го малтретира психички и не се служи со заплашување, уцена, заканување и други форми на негативно однесување;
- избира и води воннаставни активности во кои се смета за најинвентивен и преку кои ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиваат своите таленти;
- води сметка за социјално-економските и другите услови во кои учениците живеат и учат;
- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;
- бара од учениците да се однесуваат уредно, пристојно и дисциплинирано, а на секој вид девијантно однесување, реагира со советување;

- должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми, да му помогне во рамките на својата компетентност или да го упати на стручна помош кај компетентни лица во или надвор од училиштето;
- во работата со учениците не ги искажува своите политички уверувања и определувања и не дозволува пропагирање на било какви политички идеологии;
- со личен пример се бори против причинителите на болести од зависност и другите негативни појави (дрога, алкохол, пушење, криминал и др);
- меѓу учениците постојано гради однос на другарство и меѓусебно разбирање, соработка и почитување;
- да го почитува правото на збор на учениците.

## 6. НАСТАВНИКОТ И РОДИТЕЛОТ

Наставникот е во постојана комуникација со родителите и притоа:

- се грижи соработката со родителите да биде продуктивна и ефикасна;
- го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавање на проблемите на учениците;
- за прашањата од личниот и семејниот живот на родителите води сметка за потполна дискреција;
- со целосно внимание и одговорност, како и со педагошки и културен такт се однесува спрема оние родители кои не пројавуваат нужен интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;
- ги почитува аргументите на родителите;
- навреме и објективно ги информира родителите;
- упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.

## 7. МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА НАСТАВНИЦИТЕ

За ефикасно воспитно-образовно формирање на личноста на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето, наставникот е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни професионално коректни односи со своите колеги, при што:

- должен е да го почитува секој својот колега врз основа на професионалност;
- меѓусебната соработка ја темели врз заемно договарање, разменување на искуство, одлучност и совесно и ефикасно извршување на договорените задачи;
- во комуникацијата со учениците, родителите и со други лица ја почитува стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржува од изнесување на слабостите и озборување;
- во личен разговор или на стручен состанок, добронамерно и без тенденциозност укажува на слабостите на своите колеги со што го штити угледот на професијата и училиштето;
- ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството изградени врз слободна и јавна расправа;
- им помага на младите наставници пренесувајќи им го своето педагошко и стручно искуство и знаење.
-

## 8. НАСТАВНИКОТ И УЧИЛИШТЕТО

Наставникот додека се наоѓа во училиштето е на должност цело време и насекаде при што се обврзува:

- да го почитува работното време и траењето на наставниот час;
- активно да учествува во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;
- да се грижи за училишниот простор и имот, особено за кабинетот во кој изведува настава;
- да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето;
- да се грижи за доследно почитување на Законот за пушење.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Секој наставник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс.***
***За непочитување и непридржување на кодексот одговорен е прекршителот лично.***

*Забелешка*
Со овој кодекс се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално - етичкото однесување на наставниците. Овие барања и начела можат да се дополнуваат, прошируваат и усовршуваат.

# *КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ*

*СОДРЖИНА*

1. ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА ........ 6
2. ПРАВА НА УЧЕНИЦИТЕ ........ 7
3. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕНИКОТ ........ 7
4. ОДНЕСУВАЊА КОИ НЕМА ДА СЕ ТОЛЕРИРААТ ........ 8
6. ОДГОВОРНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ........ 10
7. РОДИТЕЛИ ........ 10
8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 10

## 1. ОСНОВНИ НОРМИ И НАЧЕЛА

Ученикот како субјект во воспитно-образованиот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општетвото, да ги знае своите права и одговорности и да се прилагодува на новите барања.

Секој ученик треба да биде ценет како личност без оглед на својата способност, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, вероисповест и социјална положба.

На учениците да им се овозможи да постигнат успех во рамките на наставниот план и програма. Воспитно-образовниот процес да го промовира моралниот, менталниот и физичкиот развој на ученикот во училиштето и општеството.

Во процесот на воспитување и образување, ученикот се обврзува:

- воспитанието и образованието да му претставува највисок императив;
- да ги осознава и почитува општествените и индивидуалните вредности кои имаат траен карактер и кои треба да ја чинат основата на моралноста на една личност;
- да ја чува честа и благородните традиции на ликот на ученик со совесен, одговорен и хуман однос во работата;
- да ја почитува личноста на своите соученици, наставници и родители и да ја цени меѓусебната повзаност на индивидуите и групите;

## 2. ПРАВА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Да учествуваат во сите активности без разлика на националност, религија, етничка припадност или полова определба.
- Имаат право на солидно образование, фер однесување и сигурност.
- Да го посетуваат училиштето во позитивна образовна средина.
- Да се чувствуваат заштитено од секаков вид криминал, расизам и секаков вид дискриминација.
- Да бидат третирани со респект од страна на соучениците, наставниците и други субјекти.
- Да бидат сослушани за нивните грижи и потреби.

## 3. ОДГОВОРНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

- Да се однесуваат на начин што ја подржува позитивна образовна средина.
- Да ги разберат и почитуваат училишните правила на однесување.
- Да доаѓаат на часовите редовно и со потребна опрема.
- Да доаѓаат подготвени за настава.
- Да учествуваат потполно во процесот на едукација.
- Да работат и соработуваат со другите ученици и наставници.
- Да ги почитуваат потребите за учење на другите ученици.
- Да превземаат одговорност за своето образование.
- Да ги прифаќаат и бидат толерантни со разликите меѓу учениците.
- Да ја чуваат репутацијата на училиштето со задржување на соодветните стандарди на однесување во училиште и вон него.
- Да го прифатат и почитуваат авторитетот на наставниците, луѓето од управата и другите вработени во училиштето.
- Да се однесуваат на начин кој не го нарушува здравјето и сигурноста нивна и на другите.

- Да го чуваат училишниот имот.
- Да се почитуваат работите на соучениците.
- Да се почитува себе и другите.
- Да не се употребуваат мобилните на час и да не се нарушува наставниот час.
- Да се облекуваат пристојно.

Облека која не смее да се носи во училиште



маици со гол грб | долги ланци | гола половина | гол грб | премногу отворени деколтеа | маици без прерамки




видлива долна облека и тенки прерамки | шорцеви | тенки прерамки | маици и капи со навредливи и вулгарни слогани и логоа



- Да не се носат капи на час ако не е медицински оправдано.

## 4. ОДНЕСУВАЊА КОИ НЕМА ДА СЕ ТОЛЕРИРААТ

- Трчање низ ходници.

- Правење врева.
- Употреба на јазик или гест кој е вулгарен.
- Доцнење, напуштање на часовите и училиштето без дозвола.
- Прекинување и попречување на наставата.
- Употреба на електронска комуникација и мобилни телефони на час.
- Користење на компјутери, интернет за несоодветни вебсајтови.
- Употреба на насилство (удирање, клоцање, боксирање) врз соученици, професори или заканување со истото дека ќе се направи.
- Поседување на огнено и ладно оружје.
- Заканување со било какво оружје.
- Намерно оштетување на личната своина (имот) на ученик, наставник или било кој вработен во училиштето.
- Намерно оштетување на имотот на училиштето.
- Вмешани во било кое однесување кое е спротивно на моралот и сигурноста: лажење, крадење (работи од ученици или училиште), насилство.
- Поседување на украдени работи.
- Употреба на вулгарни, навредливи зборови.
- Дискриминација кон ученик од страна на ученик, наставник или вработен според религија, етничка припадност или сексуална определба.
- Сексуално малтретирање – вклучува сексуални пораки, ширење сексуално озборување.
- Заплашување – вклучува целна личност, малтретирање од единка или група со употреба на физичка или вербална агресија.
- Доаѓање на училиште под дејство на алкохол, наркотици и психоактивни супстанци.
- Поседување, продавање или употреба на забранети, нелегални супстанци како марихуана, кокаин, хероин, стероиди.
- Нелегални коцкарски активности.
- Фрлање на отпадоци на несоодветни места за тоа (во клупа, низ прозорец, на под и сл.)

## *5. НАСТАВНИЦИТЕ ИМААТ ПРАВО ДА ОЧЕКУВААТ*

- Соработка со учениците.
- Учениците да бидат подготвени за настава.
- Поддршка од управата.

## 6. ОДГОВОРНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ

- Фер однесување кон учениците.
- Обезбедување на соодветни начини на учење.
- Да ги развијат свесноста и разбирањето кај учениците кон правилата на училиштето.
- Комуникација со родители во однос на образованието и однесување на учениците.

## 7. РОДИТЕЛИ

Родителите имаат одговорност:

- за успехот и редовноста на учениците;
- навремено да известуваат за отсуство на учениците;
- да остварат редовна комуникација со наставници за редовноста и напредокот во учењето.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Секој ученик се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс***

***За непочитување и непридржување кон одредбите на овој кодекс одговорен е прекршителот лично.***

Претседател на Училишен одбор на
СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин “ - Скопје
Гонца Лазаревска